romaversitas north macedonia

ROMA EDUCATION FUND
Invest | Educate | Engage

This Project is funded by the European Union

# ПОВИК ЗА ИСТРАЖУВАЧ-ЕКСПЕРТ

## за основање на мрежа на алумни од студенти Роми

Во рамките на проектот:
„Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје во рамките на проектот: **„Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“,** финансиран од Европска Унија и РЕФ, објавува повик ИСТРАЖУВАЧ-ЕКСПЕРТ кои ќе помогне во основањето на мрежа на алумни од студенти Роми во период од Мај до Јули 2024 година.

### Опис на активноста

За оваа активност се планирани панел дискусии на различни теми, каде главниот глас ќе го имаат алумните. Овие настани ќе се одржуваат во канцелариите на Ромаверзитас или надвор.

Истражувач ќе биде ангажиран за изработка на база на податоци и прашалник за сите студенти Роми корисници на стипендија, односно кој студент понатаму ќе продолжи со образованието, а кој ќе сака да транзитира на пазарот на труд.

Исто така, планирано е да се продолжи со администрирање на сите Фејсбук групи и страници кои ги вклучуваат алумни. Преку овие платформи ќе се одржува редовен контакт и ќе се споделуваат сите информации поврзани со социјалните настани кои ги вклучуваат алумни.

Временската рамка за реализирање на оваа активност е од Мај до Јули 2024 година.

### Цели на активноста

- Да им помогне на студентите Роми да обезбедат успешна транзиција во следното ниво на нивното образование или да се вработат;
- Да им помогне на студентите Роми да се запишат на магистерски и да им помогне во административно-техничкиот процес кога се запишуваат или да аплицираат за работа
- Да обезбеди академска поддршка за целиот процес со цел студентите да донесат информирана одлука;
- Да им помогне на студентите да идентификуваат, креираат и реализираат индивидуални цели на личен и професионален план;
- Да поддржи развој на универзитетски лидери кои имаат знаење, вештини и способности за реализирање на своите лични и кариерни цели;
- Да обезбеди целосна академска поддршка за надминување на сите проблеми и нејаснотии што ќе ги имаат студентите во текот на своето образование.

**Работни задачи на истражувачот-експерт**

- Да формира тим од најмалку 5 студентите алумни;
- На месечно ниво да одржува по најмалку еден работен состанок (вкупно 3) со цел да ги насочи студентите во своите активности и за истиот да поднесува извештај до тимот на Ромаверзитас, придружен со фотографии од самиот состанок;
- На месечно ниво да одржува по најмалку една панел дискусија (вкупно 3) од тема и област релевантна за студентите Роми и за истата да поднесува извештај до тимот на Ромаверзитас, придружен со фотографии од Самата панел дискусија;
- Да ги менторира студентите за одржување на web страната на Студентска Унија на Ромаверзитас и да се споделуваат информации од активностите на алумните;
- Да изработи база на податоци и прашалник за сите студенти Роми корисници на стипендија, односно кој студент ќе продолжи со образование, а кој студент ќе сака да транзитира на пазарот на труд.

*** Селектираното лице ќе склучи договор за авторско дело во кое ќе се регулираат работните задачи и висината на авторскиот надоместок. По исполнување на работните задачи во временската рамка ќе добие авторски надоместок во бруто износ од 703,08 евра, во денарска противвредност.

**Основни критериуми:**

- Соодветно високо образование (предност постдипломски студии)
- Работно искуство од најмалку 5 години во правење на методологии и научни истражувања
- Да има искуство со работа на маргинализирани групи (предност со Ромската заедница)
- Да има одлични истражувачки и аналитички способности
- Да имаат искуство во изработување на анализи, истражувања, прирачници, програми и слично
- Да имаат способности за планирање и организација

**Потребни Документи за пријавување за ментор**

За пријавување за ментор треба да се достават следните документи:

- кратка биографија
- диплома за завршено соодветно образование
- Друга документација која кандидатот смета дека ќе му биде во прилог на апликацијата (доколку има референтни писма, доколку поседува искуство за слична работа во други проекти, сертификати и сл.)

Сите заинтересирани кандидати, се охрабруваат да ги достават документите најдоцна до 25.04.2024 часот на меил kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk или во просториите на Ромаверзиас, со назнака: Апликација за истражувач-експерт за основање на мрежа на алумни од студенти Роми.